314.15-026.48(438-22)

**Петја В. Димитрова (Бугарија)**
**Завод за етнологија**
**„Св. Климент Охридски“, Софија**
**е - маил: pvdimitrova@gmail.com**

# ИСТРАЖУВАЊЕ НА ОДРЖЛИВОСТА КАЈ МИГРАНТИТЕ ОД УРБАНИТЕ ВО РУРАЛНИТЕ СРЕДИНИ: ЕТНОГРАФСКО ИСКУСТВО ВО ПОЛСКА

**Апстракт:** На глобално ниво, зборот „миграција“ најчесто се поврзува со големи растојанија и движење на населението од една во друга земја. Во сенката на ова разбирање стои феноменот на современата внатрешна миграција. Претставувам поретко анализиран тип миграција на животниот стил на луѓе што одлучуваат да престанат да живеат во големиот град. Од антрополошка гледна точка, студијата ги открива факторите што влијаат луѓето што живеат во градските подрачја да се решат да ги напуштат, како и факторите на привлекување што влијаат луѓето да се заинтересираат за новите области на преселба. Ставајќи ги во рамките на контраурбанизацијата, ги истражувам блиските односи што мигрантите од урбаните во руралните средини се обидуваат да ги воспостават и со природата и со малите групи на општеството. Врз основа на набљудување на учесниците и интервјуа со мигранти што мигрираат во нивните животни стилови и активисти за заштита на животната средина, ги посочувам потенцијалните проблеми на мигрантите во однос на терминот „одржливост“, кој е од централно значење за нивното приспособување во новата рурална средина.

**Клучни зборови:** урбано-рурална миграција, миграција на животен стил, рурална идила, контраурбанизација, одржливост.

## Вовед

Првото чувство во пролетната вечер во сабота во март 2018 година беше дека тоа е соодветно време за спроведување на неформалниот дел од семинарот посветен на живеењето во хармонија со природата и учењето за концептот и функционирањето на екоориентиран дом. Имавме платено за 2-дневна работилница и сместување со спиење во екоцентар во предградието на полското село Вишов[1]. Осумнаесеттемина седевме удобно и во совршена тишина околу тркалезна маса во пријатна куќа изградена од природни материјали. Внимателно го слушавме

1 Името на селото и имињата на сите учесници се променети.

сопственикот по име Брендон, екоактивист во неговите доцни 40-ти години, по потекло од Англија. Работејќи во пермакултурата, првпат дошол во Полска како поддршка на протестната кампања против ГМО.



Тој го основал екоцентарот пред 15 години, заедно со неговата девојка што ја сретнал во Полска. Брендон е автор на неколку книги за сродни теми. На првиот ден од семинарот почна да чита со страстен глас извадок од неговата книга: „Откако човек разумно се справил со ’она што не е во ред‘, следниот чекор вклучува поставување на нештото ’според чувство, на правото место‘“, започна тој. Откривајќи повеќе емоционална порака отколку некакви практични совети, Брендон имаше за цел да ни покаже зошто е важно да размислиме да се извлечеме „од маѓепсаната пајакова мрежа на Матрицата“. Тој експлицитно ги повикуваше луѓето да прифатат животен стил поблиску до природата, а спротивно на културата заснована на расипничка потрошувачка. За антрополог што започнува истражување на урбано-руралната миграција, ова беше соодветно и право место за набљудување на потенцијалните мигранти и за реализирање интервјуа со нив. Впрочем, поголемиот дел од присутните имаа намера, порано или подоцна, да се преселат трајно на село, а исто така тие имаа учествувано и во други иницијативи поврзани со одржливо живеење. Во оваа статија се осврнувам на моето искуство во екоцентарот во Полска во 2018 година разгледувајќи ги потеклото и последиците од одлуката да се мигрира од град на село, факторите што туркаат напред или влечат назад, сликите и ставовите кон селото, потенцијалните проблеми. Започнувам со испитување на содржината на терминот „рурална идила“, го користам за да

продолжам понатаму кон процесите на миграција од урбаните во руралните средини, па оттука и за контраурбанизацијата и да дојдам до заклучок дека целта е да се постигне одржливост и еден вид на самоефикасност. Јас ги класифицирам таквите мобилности како нешто поврзано со животниот стил и затоа одблизу го разгледувам терминот „миграција на животниот стил“. Како што истакнуваат Бенсон и О’Рајли (Benson, O’Reilly 2009: 608), тие се: „мигранти што не се вклопуваат во стереотипната идеја за мигрант за дадените дестинации, не се натпреваруваат за работни места, и има тенденција да не се гледа на нив расистички како кон другите имигранти“. Иако темата инспирира мисли за леснотија и слики на соживот во хармонија, истражувањето покажува посложена слика. Како што е прикажано подолу, урбано-руралните мигранти имаат голем потенцијал да ги оживеат депопулираните рурални зони физички, општествено и, во некои случаи, економски (Stone, Stubbs 2007), што објаснува зошто таквата тема станува сè поважна и поважна. Позитивните влијанија на миграцијата во руралните средини не ја вклучуваат само поддршката обезбедена од новодојденците туку и зголемувањето на културната разновидност (Milbourne 2007: 385) и понатамошниот развој. Оваа миграција на животниот стил од урбани во рурални подрачја се потпира на идејата за живеење според еколошките, општествените и духовните начела, кои, измешани заедно, ја формираат идејата на одржливост. Прегледаната научна работа од областа на географијата, антропологијата, социологијата и психологијата ги зема предвид податоците собрани за време на семинарот, преку набљудување на учесниците, интервјуа и неформални разговори со потенцијалните урбано-рурални мигранти. Учесниците ги градат своите проекти за да се иселат надвор од градот, но никој од нив не престанува да практикува урбан животен стил. Важно е да се нагласи дека, иако некои од нив поминуваат подолго време во рурална средина (на пример, некои од нив веќе купиле земјиште во рурална област и/или почнале да градат), учесниците на семинарот сè уште се во фаза на проектирање, осмислување, планирање. Со оглед на фактот што овој текст е дел од тековно истражување, ги презентирам резултатите врз основа на една локација со квалитативен пристап.

**Повеќезначната претстава за „руралната идила“**

Во контекст на секојдневниот брз живот што денес го води поголемиот дел од населението во западниот свет, одењето на одмор на село се смета за можност да се забави и да се доживее животот поприродно и на најдобар начин. Селото се претвори во синоним за спокојство, живот поблизок до природата и чувар на традициите, кои во граѓанската средина почнуваат да се претопуваат или веќе се претопиле. Тоа евоцира „чувство на повлекување назад во времето и, исто така, забавување на активностите“ (Benson, O’Reilly 2009: 613). Улогата што сликите за селото ја имаа во преференциите што градските луѓе ги имаат за да поминат одредено време во руралните

средини со години е присутна во делата на истражувачите. На пример, едно истражување спроведено во Холандија во 2000 година ги испитува животните преференции на жителите во урбаните средини (Van Dam et al. 2002: 465). Петнаесет отсто од вкупниот број на 4047 испитаници од 4 различни општини според нивниот карактер одговориле дека разгледуваат можности да се преселат на село во блиска иднина. На овие луѓе им биле поставени неколку прашања во врска со претставите за селото, барајќи од нив да напишат по 4 збора поврзани со селата. Авторите ги поделиле живописните и различните асоцијации во 4 категории:

– морфолошки аспекти – визуелните карактеристики на селото (на пример, „зелено“, „крави“, „фарми“) биле најчесто спомнувани (повеќе од 50 %);
– функционални аспекти – поврзани со просторните функции на селото (на пример, „земјоделство“, „природа“, „рекреација“);
– социокултурните аспекти – поврзани со општествената и културната состојба на селата (на пример, „тивко“, „здодевно“) биле, исто така, често наведени (повеќе од 35 %);
– топографски/локациски аспекти – индикации за специфични области или локации (на пример, „Северна Холандија“, „Зеленото Срце“).



Во конечниот дел од истражувањето се прави обид да се разбере дали испитаниците имаат позитивна, негативна или неутрална слика за селото. Се чини дека 73,8 % имаат позитивен став, додека помалку од 5 % имаат негативен. Овие бројки „може да го одразуваат можното постоење на рурална идила во Холандија“, заклучуваат авторите (Van Dam et al. 2002: 462).

Понатамошниот развој на идејата за „руралната идила“, како и резултатите од тековните истражувања и моите претходни истражувања реализирани во Бугарија служат како доказ дека руралната идила не постои само во Холандија, туку е прекугранична претстава споделена помеѓу членовите на многу западни општества. Дефинициите на концептот ги наведуваат неговите главни карактеристики на воспоставување блиски односи и кон природата и кон општеството, со што се гарантира важната улога во разбирањето на аспектите на дихотомијата помеѓу човекот и природата. Еве две од најексплицитните:

*„Претставува среќни и здрави слики од руралниот живот без проблеми, поврзани со блиска општествена заедница и со соседната природна средина“ (Cloke, Milbourne 1992: 359).*

*„Начин на живот без многу брзање, каде што луѓето попрво ги следат годишните времиња наместо берзата, каде што имаат повеќе време еден за друг и живеат во поорганска заедница во која луѓето имаат свое место и автентична улога. Селото стана засолниште на модерноста“ (Short 1991: 34).*
*Исто така е важно да се има предвид дека:*

*„Во многу земји руралниот живот со векови бил прикажуван како едноставен, простодушен и чесен, како дел од пасторалниот мит за изгубениот Еден, издвоен од суровата реалност на руралниот живот“ (Shucksmith 2018: 163).*

Иако овие наивни и безопасни погледи се донекаде реални, тие исто така се потенцијално проблематични. Тие ги затскриваат негативните, па дури и сурови карактеристики на руралниот живот и на тој начин можат да предизвикаат преземање избрзани решенија. Без намера да се девалвираат прелиминарните проценки направени од луѓето што решаваат да престанат да живеат в град и да го организираат својот живот во селска заедница, тврдам дека некои од нив паѓаат во стапица токму поради оваа романтична идеја и потоа наидуваат на неочекувани проблеми по нивната миграција.

Ако лесно можеме да ги сфатиме мотивациите што ги поттикнуваат луѓето да се преселат в село, сликите за тоа што е руралност како искуство се чини дека се нејасни. Како што е прикажано подолу и како што Бојл и другите (Boyle et al. 1998: 142) велат: „руралната идила може да биде урбана перспектива на селото, претставена преку разни медиуми, а не заснована на директни искуства, но сепак може да биде силен поттик што води кон миграција“.

**Проблематизирање на врската меѓу контраурбанизацијата и миграцијата на животниот стил**

Откако еднаш западнале во искушение или, попрецизно,

постојано се искушувани од идејата за живеење во мирно опкружување, некои жители на урбаните центри се осмелуваат да преземат чекор за мигрирање во одбраната рурална област. Ова треба да се анализира не само како одреден збир на однапред утврдени активности, туку повеќе како процес со многу варијабили, процес што во некои случаи може да трае со години. Како што велат Ван Дам и другите:

> *„на миграцијата ѝ претходат когнитивни процеси во кои, освен предизвиканите настани и промени во домаќинството или вработувањето, желбите и преференциите за одредени средини за живеење играат важна улога во одлуката за премин од една специфична средина за домување во друга“ (Van Dam et al. 2002: 472).*

Оваа идеја беше изразена и од Матеуш, архитект во неговите 30-ти години, кој живее во Лондон со својата девојка, исто така архитект. На прашањето: „Кога вие и вашата девојка планирате да го напуштите Лондон и да се преселите во селото Ломна?“, тој одговори: „Би сакал да го сторам тоа утре. Тоа е тековна работа. Правиме колку што можеме“. На овој проект треба да се гледа како на процес во кој младиот пар веќе е вклучен. Овој процес е добро познат во научната литература како „контраурбанизација“. Со оглед на широкиот опсег на дефиниции за урбанизацијата, нема да се вклучам во објаснување на контраурбанизацијата со дискутирање за концептуалните разлики. Исто така, верувам дека ова можеби не е вистинскиот пристап во разгледувањето на ова прашање. Наместо тоа, јас се потпирам на дефиницијата на контраурбанизацијата на Елшоф и другите како „желба за простор, тивок, зелен и безбеден, [кој] може да ги мотивира луѓето да се преселат од урбани во рурални средини“ (Elshof et al. 2017). Така, овој процес е директно поврзан со идејата за руралната идила и тој процес може да се реализира со истата визија. Голем број научници, исто така, се ангажираат во оваа насока. За Антопулу, Каберис и Петру,

> *„руралната идила, поврзана со перципираниот квалитет на физичката средина и руралниот живот е клучниот двигател на одлуките на градските луѓе да се преселат на село. Процесите на контраурбанизација се комплексен резултат на економското преструктурирање на урбаните и руралните заедници и на социокултурните и технолошките промени што ја олеснуваат географската и општествената мобилност повеќе отколку што тоа им било возможно на претходните генерации“ (Anthopoulou, Kaberis, Petrou 2017: 1).*

Исто така, Гримсруд (Grimsrud 2011: 642) тврди дека „стереотипниот рурален имигрант рутински е прикажан како некој што бега од напнатиот град за ’поприземен‘ начин на живеење“, а

Халфакри (Halfacree 2008: 479) тврди дека „оваа речиси здраво за готово прифатена идеја на побогатите луѓе што се преселуваат во рурални области е доминантна слика денес“ (Stockdale 2016: 602). Иако можеби се чини дека овој процес се појавил во децениите на 21 век, истражувачите од руралните средини и населението во светот тврдат дека корените на оваа тенденција се забележуваат уште во 70-тите години на 20 век или дури од крајот на 60-тите години (Elbersen, Van Dam 2000: 61) и дека родното место на оваа појава нè води во САД, а дури потоа е вклучен поголем дел од Западна Европа и Австралија, а од неодамна и постсоцијалистичките земји и дел од Африка (Stockdale 2016: 601; Gieling et al. 2017: 238). Следејќи го нејзиниот развој, треба да го наведеме набљудувањето дека, ако во почетната фаза контраурбанизацијата била мотивирана од инспирациите за подобар живот и работа, од неодамна овој процес има нешто заедничко и со тоа и со притисокот на економските кризи и сè повеќе и повеќе со претприемачките манифестации (Anthopoulou, Kaberis, Petrou 2017: 2). За понатамошно разбирање на контраурбанизацијата се повикувам на Сант и Симонс (Sant, Simons 1993: 124), кои предлагаат четири различни објаснувања на контраурбанизацијата: способност за движење, простор за искористување, подготвеност за движење и регионално реструктурирање. Постои термин што ја опфаќа природата на сите 4 димензии: „миграција на животниот стил“. Бенсон и О'Рајли (Benson, O'Reilly 2009: 608) ја доживуваат идејата за мигрантите на животниот стил како:

> *„Релативно имотни индивидуи од сите возрасти, кои се движат или на определено време или целосно на места што, од различни причини, значат, за мигрантот, подобар квалитет на живот. Етнографските извештаи главно откриваат наратив за бегство што произлегува од одлуките на мигрантите за преселување, дополнително нагласено со нивните негативни презентации на животот пред миграцијата. На тој начин, миграцијата често се опишува со употреба на јазик како 'излегување од стапицата', 'правење нов почеток', 'нов почеток'“.*

Истите автори класифицираат три различни „типа мигранти на животни стилови“ (Benson, O'Reilly 2009: 611): резиденцијален туризам, буржоаски боеми и рурална идила. Сепак, оваа типологија е прилично проблематична. Називите „резиденцијален туризам“ и „рурална идила“ укажуваат на одредена заднина, дури и причина, мотив, но тие не се доволно описни. Јас би сакала да ја нарекувам категоријата луѓе привлечени од руралната идила едноставно „урбано-рурални мигранти“. Нема сомнение дека главната движечка сила за одлуката да се откажат од живеењето во голем град е моќната слика за руралната идила. Селото се претвора во вистинско бегство, место каде што човек ќе ужива имајќи доволно време, без притисок, во незагадена околина и мирно живеење. Сепак, ова можеби не е секогаш објективната реалност: „претставените

предности на животот на одредена дестинација се често романтизирани претстави, додека, пак, претставите на мигрантите за злото на своето домашно општество често се преувеличени“ (Benson, O'Reilly 2009: 610). Станува збор за начин на живот, за спротивставување на еден животен стил на друг, на избегнување на правилата на урбаниот живот кога човек повеќе не сака да се придржува до нив. „На крајот на краиштата, откако ќе дознаеме дека речиси секоја акција што ја преземаме го поддржува продолжувањето на начинот на живот во кој повеќе не веруваме, ... тогаш дали има друг избор освен да се направи промена?“, учесникот во моето истражување Брендон ја прашуваше публиката на тркалезната маса. Оваа промена означува „пауза, контраст, пресвртна точка и нов почеток“ (Benson, O'Reilly 2009: 616). За Брендон: „Третиот чекор ... има одредено ветување. Тоа претставува одреден предизвик. Нов хоризонт. Судир со непознатото“. Кога се фокусирам на мотивацијата на урбано-руралните мигранти, се потпирам на Џејн Бенет (Jane Bennett), која прави разлика помеѓу „причината“, која е „единствен, стабилен и маестрален иницијатор на ефекти“, и „потеклото“, кое е „комплексен и разнолик двигател на силите“ (Bennett 2010: 33; Arendt 1953). Пред да ги разгледаме факторите што влијаат врз урбано-руралната миграција, важно е да се истакне дека тие секогаш дејствуваат заедно и во повеќето случаи се неразделни. Затоа, не можеме да зборуваме за една и единствена причина, туку подобро за потекло и за комплексни причини. Широк поим што вклучува огромен број фактори на влијание за мигрирање е „удобноста“: „едноставно нешто што ја поместува подготвеноста на домаќинството да се лоцира на одредено место. По дефиниција, тие се широко дефинирани и ги вклучуваат: времето, пејзажот, јавните услуги, јавната инфраструктура, криминалот, амбиентот и сл.“ (Partridge 2010: 518). Ако се осврнеме на потребата од доживување на руралната идила, може да очекуваме дека пооддалечените села со малобројно население што гарантира спокојство треба да станат посакувана дестинација. Од естетска гледна точка, селата што имаат пејзажна убавина и/или некоја заштитена историска архитектура (старински куќи изградени со природни материјали , на пример) имаат предност. Но, од друга страна, руралната идила го отстапува местото на практични прашања како: постоење на услуги какви што се редовниот јавен превоз, образовни и здравствени институции на разумна оддалеченост, пазари итн. Мигрантите сфаќаат дека купувањето стара куќа, изградена од природни материјали[2], на пример, ќе резултира со инвестирање големи финансиски средства за поправка и одржување. Таква е ситуацијата со поседување имот во оддалечена област со неразвиена инфраструктура. Меѓу факторите на повлекување треба да се спомене и поевтиното домување и селењето со цел да се биде поблиску до пријателите

2 Мислам на природни материјали како што се глина, слама, дрво, камен и кора. Урбано-руралните мигранти ги сметаат традиционалните градежни техники како загрозени во многу делови од светот. Тие се плашат од губење на традиционалните знаења и вештини што се користат за изградба на природни домови, бидејќи луѓето стануваат сè повеќе зависни од градежната индустрија.

и семејството (Elshof et al. 2017). И како што истите научници заклучуваат: „На пример, додека некои луѓе се привлечени од оддалеченоста на руралните области, други претпочитаат да останат поблиску до центрите на метрополите ... имаме цел да покажеме дали руралното село се смета за атрактивно, зависи од повеќе фактори отколку оние од руралната идила“. Релативната изолација е карактеристика на руралната идила (Halfacree 1995). Сепак, повеќето луѓе во руралните средини претпочитаат да живеат во близина на метрополите, а не на оддалечено место (Argent et al. 2009): „Живеењето во едно село во близина на градска средина им дава можност на луѓето да уживаат во атрактивните карактеристики и на руралните и на урбаните места ... Дали местото се смета за оддалечено, исто така, зависи од неговиот пристап до транспортната инфраструктура“. Гарѕиос и Скот (Gkartzios, Scott 2009) утврдиле дека, во Ирска, руралните места што биле повеќе поврзани со главните патишта и железницата имале повисоки стапки на пораст од местата што биле помалку поврзани.

> *„Може да се очекува дека блискоста со инфраструктурата на јавниот превоз е особено важна за луѓето што често патуваат, односно за луѓето на работоспособна возраст. Меѓутоа, со оглед на тоа што домаќинствата од оваа возрасна категорија во руралните средини често имаат најмалку два автомобила, можеби нема да имаат потреба од јавен превоз. Повозрасните луѓе, пак, може да патуваат помалку отколку работно ангажираните луѓе, но тие може да бидат позависни од јавниот превоз за да се движат наоколу со оглед на тоа што нивоата на сопственост на автомобили се пониски кај оваа возрасна категорија...“ (Elshof et al. 2017: 41).*

Улогата на инфраструктурата е обично присутна со оглед на фактот што повеќето урбано-рурални мигранти имаат одредени размислувања за работа. Од една страна, работата за други работодавци е во спротивност со идејата за нов живот и избегнувањето на „матрицата“, да го употребам терминот на Брендон. Како што велат Стоун и Стабс (Stone, Stubbs 2007), напуштањето на градскиот живот, вклучувајќи ја и рутината на работење, е дополнителна мотивација за урбано-руралната миграција. Мојот учесник во истражувањето Матеуш (Mateusz) потврдува: „Работете што е можно помалку. Имајте време за живот“. Од друга страна, еден аспект од започнувањето на „новиот живот“ е преземање на некои нови активности, и не е задолжително тие да бидат поврзани со земјоделството. Во многу случаи мигрантите учат да практикуваат некој занает и да го продаваат рачното производство, да започнат со работа на мал бизнис во сферата на индивидуализиран рурален туризам (Stone, Stubbs 2007) или да работат на оддалеченост во дигиталниот сектор. „Проширената скала на дневна мобилност резултираше со повеќе можности за комбинирање на животот на село со социјални и професионални мрежи

на други локации (Smith 2007; Boyle, Halfacree 1998). Во последниве децении, физичкото и резиденцијалното движење е надополнето со дигиталната мобилност (Salemink et al. 2016). Иако некои рурални области сè уште мораат да се справат со бавната интернетска конекција, дигиталните активности имаат сè поголемо влијание врз животот на руралните жители (Steenbekkers et al. 2006)" (Gieling et al. 2017: 238). Она што ги разликува новодојденците од повеќето домородни жители е тоа што првите обично имаат пристап до ресурси како пари, време и подобро образование. Поради тоа тие се способни да ги идентификуваат локалните општествени и економски проблеми, па дури и да се вклучат во управувањето со проекти со цел подобрување на различни аспекти на условите за живот во областа.

> *„Контраурбаните најчесто не преземаат земјоделска дејност, туку интервенираат во локалните работи преку вклучување во локалната самоуправа, преземајќи го раководството во заедницата врз основа на предностите од нивната урбана култура (релативно високо ниво на образование, организациски и комуникациски вештини, професионално и социјално вмрежување) ... Доколку тие не се од категоријата пензионерска миграција (на пр. мигранти што се враќаат во нивното место на потекло), видовите вработувања што најмногу ветуваат за активните урбани мигранти на село се во областите на руралното претприемаштво, екологијата и селското управување" (Anthopoulou, Kaberis, Petrou 2017: 2).*

Како што тврдат истите научници, можно е јавниот дискурс за враќање кон земјата да биде без содржина и едноставно да го репродуцира романтичното гледиште за рурална идила во која луѓето најголемиот дел од своето живеење го поминуваат во градината и одгледувајќи животни.

> „Руралните области беа промовирани во последниве години како атрактивно милје комбинирајќи ги пријатните услови за живеење и интересните можности за вработување, особено во руралното претприемаштво и нудењето услуги (на пример, агрохрана и сектори во туризмот). Променливиот карактер на руралноста, надополнет со разновидни карактеристики на урбаното живеење (економски активности, социјален состав, модели за потрошувачка итн.) има многукратни ефекти..." (Anthopoulou, Kaberis, Petrou 2017: 1).

ФАКТОРИ ЗА УРБАНО-РУРАЛНА МИГРАЦИЈА

Прекрасни пејзажи
Здрав воздух
Без загадување
Ниски цени на куќите
Достапност на куќа
Поврзани со работа
Назад кон корените
Присуство на семејството/пријателите
Блиску до услугите
Активности надвор
Без криминал
Без метеж

**Сл. 1: Фактори за урбано-рурална миграција**

Претходно беа споменати некои од главните фактори за поттикнување и демотивирање на миграцијата на урбаните и руралните средини (сл. 1). Исто така, беше посочено дека мигрантите доаѓаат од различни општествени средини и затоа поседуваат различни вештини. Тие имаат различни видувања за животот на село и имаат визија заснована на поголема информираност за тоа како да живеат во единство со современото разбирање на одржливоста. Овој факт не само што влијае врз нивниот стил на живеење туку во некои случаи може да доведе до последици за локалната економија и општествената благосостојба во целина. Во следниот дел, оваа перспектива е проширена, фокусирајќи се на потрагата по одржливост, прифатена од многу од урбано-руралните мигранти.

## Неподносливата леснотија да се биде одржлив

*„Можеше да го следиште постоењето на системот [неговата одржливост откако тој еднаш е имплементиран] од генерација на генерација“* (Брендон).

Во претходниот дел видовме што стои зад идејата за живеење во рурална идила. Сега да се вратиме на отворањето на сцената и дискусиите од првото предавање на Брендон под наслов „Оставете ја Матрицата – да ја изградиме Арката. Треба да се преземат три чекори“. Едно од неговите главни тврдења е дека „не сме сите ние предодредени да живееме едноставен живот на земјата. Но, сите имаме голема потреба да го најдеме нашето место. Не како паразити и кукли, туку како учесници, поддржувачи и чинители“. Иако тој веќе

ми објасни дека одамна престанал да го употребува прекумерно користениот збор „одржливост", всушност, токму ова беше темата на разговорот. Присутните кандидати за урбано-рурална миграција дискутираа за она што е „гнило" и кои се начините да се движат кон живеење во подобри услови.

Според Диец, Роза и Јорк (Dietz, Rosa, York 2009: 114), идејата за одржлив развој, балансирање на благосостојбата на човекот со влијанијата врз биофизичката средина е позната „барем откако Меѓународната унија за заштита на природата ја издаде својата Светска стратегија за заштита (Меѓународна унија за заштита на природата 1980)". Оттогаш научниците од различни области, од антропогеографијата преку антропологијата до психологијата, нашироко дискутираат за тоа како да ја дефинираат одржливоста. Овде обрнувам внимание на три прилично општи дефиниции: „Подобрување на капацитетот на општеството за користење на земјата на начин што истовремено ги задоволува потребите на многу поголема, но стабилизирачка човечка популација, ... ги одржува животните системи за поддршка на планетата и ... значително го намалува гладот и сиромаштијата" (Clark 2007: 1737).

> *„Најчесто користената дефиниција на одржливоста е дека таа ги задоволува потребите на тековното општество без притоа да се загрозат можностите на идните генерации да ги остварат сопствените потреби" (United Nations, 1987; Ergas 2010: 32).*
>
> *„Безопасна интеграција на човековите активности во животната средина на начин што поддржува здрав човечки развој на физички, емоционален, ментален и духовен план и може да продолжи во неопределена иднина" (Kasper 2008: 13).*

Она што е заедничко на трите дефиниции е тоа што тие се фокусираат на потребите. Од една страна, има општа потреба да се размислува за претстојните генерации и за наследството предадено за нив. Од друга страна, тоа се нашите сопствени општествени потреби, кои имаат потенцијал да ѝ наштетат на околината во иднина, а тука под терминот „околина" не мислам само на живата природа туку и на сите материјални работи во латуријанска смисла, кои функционираат како посредници (Latour 2005). Последна, но не и најмалку важна, е личната потрага на секое човечко суштество да биде задоволно во еколошка, општествена и духовна смисла. Затоа, третиот цитат изгледа најопишувачки, и тврдам дека, иако е строго поврзан со природата и екологијата, одржливоста треба да се постави во поширок контекст и треба да се смета како одржување на рамнотежа на сите нивоа.

Во областа на психологијата, „одржливото однесување (ОО) генерално опфаќа низа акции насочени кон заштита на физичката и општествената средина. ОО може да се навести со проеколошки, скромни, алтруистички и правични постапки, а една од целите на психологијата на животната средина е да ги испита психолошките последици од таквите акции" (Corral-Verdugo et al. 2011: 95).

Според гледиштата на моите соговорници, одржливоста има различни форми и аспекти, но тие секогаш вклучуваат филозофски став кон животот и упатување на еден вид духовност.

> *„Па, за да можете правилно да живеете добро, врз основа на ресурсите што ви се на располагање, да овозможите рециклирање на отпадните материи, да практикувате еколошки методи на земјоделство, вие не ја нарушувате рамнотежата на природата освен во некакви итни ситуации кога ќе има потреба за тоа. Можете да го следите постоењето на системот од генерација на генерација. Значи, кога ќе умрете и некој друг ќе ја наследи вашата фарма, таа треба да биде подобра“ (Брендон).*

> *„Одржливоста содржи слобода, плус кога ќе провибрирате заедно со Земјата, тоа е основата на одржливоста. Врз основа на златното правило, да ги третираш другите така како што самите би сакале да бидете третирани“ (Камил, уметник во неговите 30-ти години, кој има проект за уметничка куќа во едно полско село).*

> *„Многу е лесно. Одите на работа, и таа не ви се допаѓа. Значи сакате да ја промените. Зошто го правите тоа? За да добиете пари за да јадете. Одржливоста е нешто многу слично. Треба да платите сметки за струја, за сè. За да имате своја сопствена енергија, не работите работа што не ви се допаѓа. Другиот аспект е продуховеноста. Јас не се чувствувам дека сум искористен, како уште една друга тула во ѕидот. Сакам да бидам човечко суштество што прави работи за кои е создадено“ (Матеуш).*

Не е чудно што овој широк поим стана предмет на т.н. „наука за одржливост, која се фокусира на разбирање на комплексната динамика што произлегува од интеракциите меѓу човечките системи и системите на околината“ (Clark 2007: 1737). Дихотомијата на човечката природа е класична и посакувана рамка во која научниците ставаат различни теми, при што нејзината поврзаност со урбано-руралната миграција е очигледна. Би сакала да ја нагласам клучната улога на еден можен фактор во овој затворен синџир – одржливото однесување на поединците. Кои се карактеристиките на таквото однесување? Тоа резултира во зачувување на физичката средина. Ги заштитува поединците и групите, овозможува правичен пристап до ресурсите и ја евалуира соработката и алтруизмот. Често се спротивставува на хедонистичките цели (Corral-Verdugo et al. 2011: 95, 98). Во однос на последново, истите научници спровеле интересен истражувачки проект во областа на психологијата на животната средина. Тие испитувале дали среќата е во корелација со одржливото однесување користејќи ја

табелата на Кајзер за еколошко однесување што вклучува 40 точки (Kaiser 1998: 404–405). Иако учесниците биле 606 додипломци на државен универзитет во Сиудад Обрегон, што значи дека речиси и немаат ништо заедничко со мигрантите од урбаните во руралните средини, заклучоците се во согласност со вредностите на мигрантите и начинот на живеење.

> *„Не можеме да заклучиме дека значајните коваријации меѓу овие два фактора докажуваат причинско-последична врска, при што среќата е ефектот, а одржливото однесување причината. Затоа, потребна е експериментална студија со цел да се потврди претпоставката за причинско-последичната поврзаност ... Исто така, постои алтернативно објаснување за корелацијата помеѓу среќата и одржливото однесување: среќата позитивно влијае врз одржливото дејствување (Bechtel, Corral-Verdugo 2010).*

> *„Едно можно објаснување е дека причинскиот проток помеѓу овие два психолошки фактори е двонасочен: посреќните луѓе дејствуваат поодржливо, и нивното однесување ги прави да се чувствуваат посреќни“ (Corral-Verdugo et al. 2011: 103).*

Животниот стил ориентиран кон одржливост може да изгледа како природен, а со тоа и лесен, но станува неподнослив и исклучително тежок за одржување со оглед на навиките што урбано-руралните мигранти ги стекнале додека живееле во современата урбана средина. Листата на предизвици со кои се соочуваат кога ќе се обидат да се справат со одржливоста вклучува:

– таквите вредности не се преовладувачки во општеството (Henry 2009: 133), што во некои случаи го оневозможува одржливиот избор;
– понекогаш постојат законски бариери (Kasper 2008: 20), на пример забрани за градење со природни материјали, тоалети со компостирање, алтернативни форми на градба, енергетски и канализациски системи;
– самоодржливоста од страна на локалните институции и инфраструктурата станува неостварлива (Ergas 2010: 47) – автомобили, популарни медиуми, „вештачка“ храна;
– често луѓето не знаат, не можат да замислат, како системот на околината реагира на нивните акции и што е всушност штетно (Henry 2009: 133);
– не постои монолитна визија за тоа како да се постигне целта за одржливо живеење (Ergas 2010: 39), секојдневните активности не се доволни и веројатно не се толку силни за да привлечат нови приврзаници.

**Заклучок**

„Многумина се заинтересирани, но малкумина ќе се решат да

го направат тоа“, Брендон ја признава суровата вистина. „Не многу [луѓе се одлучуваат да го сторат тоа]. Тоа е бавен процес – едукацијата на другите. И јас би рекол, бидејќи ние работиме на тоа 14 години, 8 до 10 % од луѓето [во Полска] станаа посвесни или малку посвесни“, го заврши интервјуто со мене во согласност со моите заклучоци.

Резултатите од мојата анализа укажуваат на тоа дека урбано-руралните мигранти наидуваат на проблеми во речиси секоја фаза од процесот на нивната миграција. Прво, јас тврдев дека сликите за руралната идила може да придонесат луѓето да одлучат и покрај тоа што овие слики се чини дека се разликуваат од реалната ситуација, да бидат главните фактори на повлекување. Во врска со ова, јас ја утврдив клучната опозиција во животот на мигрантите пред и потоа. Земајќи ги предвид особеностите од секојдневниот живот пред и по одлуката за мигрирање, миграцијата на животниот стил од урбани во рурални средини се смета за можност да се започне со подобар живот. До одреден степен, мигрантите се придржуваат до една смеса на еколошки, општествени и „духовни“ принципи со цел постепено да стигнат до самоодржливост и делумна самодоволност.

На крајот, гледаме како урбано-руралните мигранти можат да влијаат врз руралните региони во кои живеат. Следната фаза од ова истражување би била да се испитаат општествените промени во селата по населувањето на урбаните мигранти на село. Доаѓајќи од милје што е поразлично од локалното, сметаат дека поседуваат голем број респектабилни вештини во претприемаштвото, менаџирањето проекти, се занимаваат со уметност и занаети итн. На долг рок, прашањето е дали тие можат позитивно да влијаат врз локалниот развој и да придонесат во подобрувањето на благосостојбата на луѓето во руралниот контекст.

**Литература**

Anthopoulou, Theodosia, Kaberis, Nikolaos, Petrou, Michael. 2017. ‘Aspects and experiences of crisis in rural Greece’. Narratives of rural resilience 52, http://daneshyari.com/article/preview/6460086.pdf

Arendt, Hannah. (1953)2005. On the Nature of Totalitarianism: An Essay in Understanding.

Schocken Books

Bennett, Jane. 2010. Vibrant matter: a political ecology of things. Duke University Press

Boyle, Paul, K. Halfacree and V. Robinson. 1998. Exploring Contemporary Migration, London and New York: Routledge.

Clark, William. 2007. ‘Sustainability Science: A room of its own’. PNAS 104(6), http://www.pnas.org/content/pnas/104/6/1737.full.pdf

Cloke, P., Milbourne, P. 1992. 'Deprivation and lifestyles in rural Wales. II: rurality and the cultural dimension'. Journal of Rural Studies 8, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/074301679290050G

Corral-Verdugo, Victor et al. 2011. 'Happiness as Correlate of Sustainable Behavior: A Study of Pro-Ecological, Frugal, Equitable and Altruistic Actions That Promote Subjective Wellbeing', Human Ecology Review 18, http://www.humanecologyreview.org/pastissues/her182/corral-verdugo.pdf

Dahms, Fred, McComb, Janine. 1999. ''Counterurbanization', Interaction and Functional Change in a Rural Amenity Area – a Canadian Example', Journal of Rural Studies 15, https://ac.els-cdn.com/S0743016798000564/1-s2.0-S0743016798000564-main.pdf?_tid=ece6a010-651c-47fb-82cb-5414bc3ee6ad&acdnat=1523816056_77e80178405908d87f35577be44c0ecf

Dietz, Thomas, Rosa, Eugene A., York, Richard. 2009. 'Environmentally Efficient Well-Being: Rethinking Sustainability as the Relationship between Human Well-being and Environmental Impacts', Human Ecology Review, http://www.humanecologyreview.org/pastissues/her161/dietzetal.pdf

Elbersen, Berien S., Van Dam, Frank. 2000. 'Living in rural areas: Revealed preferences for rural amenities', Plurality and Rurality. The role of the countryside in urbanised regions, https://www.researchgate.net/publication/46635231_Living_in_rural_areas_Revealed_preferences_for_rural_amenities

Elshof, Hans et al. 2017. 'The influence of village attractiveness on flows of movers in a declining rural region', Journal of Rural Studies 56, https://ac.els-cdn.com/S0743016716303916/1-s2.0-S0743016716303916-main.pdf?_tid=b8932968-02dc-4a77-9294-a5e6a1c700a4&acdnat=1523105822_39f20c976868f94a59dbf92ab2944de8

Ergas, Christina. 2010. 'A Model of Sustainable Living: Collective Identity in an Urban Ecovillage', Organization & Environment 23, http://journals.sagepub.com/doi/pdf/10.1177/1086026609360324

Gieling, Joost et al. 2017. 'Beyond the local-newcomer divide: Village attachment in the era of mobilities', Journal of Rural Studies 55, https://www.sciencedirect.com/science/article/pii/S0743016716303886

Gkartzios, Menelaos, Mark Scott. 2009. 'Residential Mobilities and House Building in Rural Ireland: Evidence from Three Case Studies', Sociologia Ruralis 50(1): 64-84.

Halfacree, Keith H. 1995. 'Talking about rurality: Social representations of the rural as expressed by residents of six English parishes', Journal of Rural Studies 11(1): 1-20.

Henry, Adam. 2009. "The Challenge of Learning for Sustainability: A Prolegomenon to Theory', Human Ecology Review 16, http://www.humanecologyreview.org/pastissues/her162/henry.pdf

Kaiser, Florian. 1998. 'A General Measure of Ecological Behaviour', Journal of Applied Social Psychology 28(5), https://www.researchgate.net/profile/Florian_Kaiser2/publication/227830047_A_General_Measure_of_Ecological_Behavior1/links/572cbdca08aee02297597a04/A-General-Measure-of-Ecological-Behavior1.pdf

Kasper, Debbie. 2008. 'Redefining Community in the Ecovillage'. Human Ecology Review 15, https://pdfs.semanticscholar.org/785b/035a84665fbdb0e05b5044c84db857eae4bd.pdf

Latour, Bruno. 2005. Reassembling the Social: An Introduction to Actor-Network-Theory. Oxford: Oxford University Press

Milbourne, Paul. 2007. 'Re-populating rural studies: Migrations, movements and mobilities', Journal of rural studies 23, https://ac.els-cdn.com/S0743016707000289/1-s2.0-S0743016707000289-main.pdf?_tid=08555c9e-7425-4858-9332-4e4f130b130f&acdnat=1523115858_b4f1d722ed5d42d3a6d256bea08e8583

O'REILLY, K. and M. BENSON. 2009. ‚Lifestyle migration: escaping to the good life?' In: Lifestyle Migrations: Expectations, Aspirations and Experiences. Benson, M. And O'Reilly, K. (eds). 1-13. Ashgate.

Partridge, M. D. 2010. 'The duelling models: NEG vs amenity migration in explaining US engines of growth', Pap. Regional Sci. 89 (3)

Sant, M., Simons, P. 1993. 'The conceptual basis of counterurbanisation: critique and development'. Australian Geographical Studies 31

Short, J. R. 1991. Imagined Country. Society, Culture and Environment. Routledge, London.

Shucksmith, Mark. 2018. 'Re-imagining the rural: From rural idyll to Good Countryside', Journal of Rural Studies 59, https://ac.els-cdn.com/S0743016716301632/1-s2.0-S0743016716301632-main.pdf?_tid=01b87c2e-5ddc-4cfb-9513-fd0c7814a0df&acdnat=1523098802_dd38ceea4802053ac6ed343e8e7e2f66

Stockdale, Aileen. 2016. 'Contemporary and 'Messy' Rural In-migration Processes: Comparing Counterurban and Lateral Rural Migration', Population, space and place 22, https://onlinelibrary.wiley.com/doi/epdf/10.1002/psp.1947

Stone, Ian, Stubbs, Cherrie. 2007. 'Enterprising expatriates: lifestyle migration and entrepreneurship in rural southern Europe', Entrepreneurship and re-

gional development. International journal 19, https://www.tandfonline.com/doi/full/10.1080/08985620701552389?scroll=top&needAccess=true

Van Dam, Frank et al. 2002. ‘Lay discourses of the rural and stated and revealed preferences for rural living. Some evidence of the existence of a rural idyll in the Netherlands’. Journal of rural studies 18, https://ac.els-cdn.com/S0743016702000359/1-s2.0-S0743016702000359-main.pdf?_tid=e83e02ba-4f84-45a2-8b29-c8212a9338bf&acdnat=1523312127_0c0cfb22fe0b7d3674b601b14ce014d6

Vining, Joanne, Merrick, Melinda S., Price, Emily A. 2008. ‘The Distinction between Humans and Nature: Human Perceptions of Connectedness to Nature and Elements of the Natural and Unnatural’. Human Ecology Review 15, http://www.humanecologyreview.org/pastissues/her151/viningetal.pdf.